Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) како и врз основа на член 30 од Законот за основно образование (,,Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15 и 98/15) министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **музичко образование** за IX одделение на деветгодишното основно образование за учениците со **оштетен вид** во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта.

АДАПТИРАНА НАСТАВНА
ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ
СО ОШТЕТЕН ВИД

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

IX ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, август 2015

## 1. ВОВЕД

Учениците кои го изгубиле својот вид  за разлика од нивните врсници имаат можност да развијат исклучителни музички способности.

Овие ученици имаат поголема фасцинација и интерес за музиката за разлика од нивните врсници. Слепилото и тешкотиите во учењето не треба да се покажат како пречка за музички развој на децата и  музички достигнувања, туку напротив, како предизвик и можност овие ученици да се насочат во музички правец.

Поради овие причини наставниците треба преку индивидуален пристап кај учениците со оштетен вид да ги проценат музичките способности и онаму каде што се забележува поголем талент од нормалното да вложуваат што е можно повеќе.

Овој развоен период од VII до IX одделение е посебно важен поради сложеноста на целите кои се усвојуваат во областа на музичкото образование. Во овој развоен период наставникот треба да обрне посебно внимание на правилната и точната употреба на Брајовото писмо во функција на пишување на музичките знаци.

Наставниот предмет е задолжителен и се изучува со фонд од 1 час неделно, односно 36 часа годишно.

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО IX ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да пее песни со разновидна мелодиска линија, различни по карактер и содржина по слух и по ноти;
- да разликува рамноделни и нерамноделни тактови по слух;
- да развива способност за целосно слушње на музичко дело;
- да  воочува, препознава и разликува разни видови музички дела;
- да ги препознава по слух и именува слушаните дела (композитор и наслов);
- да стекнува навика за слушање музичко-сценски дела;
- да ги именува музичките елементи на музичко-сценските дела;
- да стекнува сознанија за животот и творештвото на одредени комопозитори;
- да се запознае со претставниците на популарната музика во Македонија;
- да ги споредува жанровите на популарната музика;
- да ја сфати улогата на музиката во филмот;
- да формира музички вкус;
- да формира сопствени ставови за нив;
- да ги продлабочува знаењата за правилно и точно пишување и читање на Брајово писмо на дурските и молските скали;
- да ги проширува знаењата на музичката терминологија и музичката писменост на Брајово писмо;
- да ги препознава и именува видови инструменти - тактилно;
- да ги продлабочува знаењата за музичките форми;
- да ги продлабочува знаењата на елементите и карактеристиките на народното музичко творештво;
- да развива умеења и навика за примана на ИКТ со употреба на говорен звучен програм.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| 1. ВОКАЛНА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА ( 4 часа ) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>-да го развива опсегот на гласот;<br>-да применува правилна вокална интерпретација;<br>-да се оспособува за групно пеење;<br>-да развива чувство за ритам и да идентификува определен ритам;<br>- да пее песна по ноти со соодветени елементи од музичката писменост. | Пеење:<br>уметнички,<br>забавни,<br>народни песни со соодветна содржина и тонски обем<br><br>Пеење по ноти:<br>-песни со соодветни елементи од музичката писменост | | - Пеење уметничка, забавна или народна песна (7/8 такт), со соодветна содржина и тонски обем според постапката на обработка на песна **по слух** (пр.: обработка на песна по избор на наставникот).<br><br>Напомена: Наставникот треба да внимава опсегот на песните да одговара на гласовните можности на учениците.<br><br>**- Пеење по ноти** - песна со соодветни елементи од музичката писменост според постапката на обработка на песна по ноти.<br><br>За слабовидните ученици песните треба да бидат напишани на со зголемен и затемнет фонт на букви, додека за слепите ученици да бидат подготвени и испечатени на Брајово писмо. |

| 2. МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ (6 часа ) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да препознава и применува Ф-дур скала;<br><br>- да ги препознава и применува знаците за промена на висината на тонот;<br><br>- да препознава и применува д-молл скала скала;<br><br>- да ја сфати поделбата на трите видови на молската скала;<br><br>-да ги препознава и разликува трите видови на д-молл скалата;<br><br>- да ги воочува разликите на скалите Ф- дур и д-молл (трите видови);<br><br>-да ја препознава и применува ритмичката појава синкопа;<br><br>- да го усвои поимот нерамноделен такт;<br>- да го сознае 7/8 нерамноделен такт;<br><br>-да ги користи правилно и точно Брајовите симболи при пишување на музичките знаци и ноти;<br><br>-да знае тактилно да ги препознава музичките знаци и ноти напишани на Брајово писмо. | Дурски тонски скали со бемол<br><br>Ф-дур скала<br><br>- д-молл скала (трите видови)<br><br>- Ритмичка појава: синкопа<br><br>- Нерамноделен 7/8 такт | | - Вежби за запишување на скалата Ф-дур и нејзините елементи на Брајово писмо.<br><br>-Вежби за визуелно/тактилно препознавање на скалата Ф-дур со нејзините елементи на Брајово или видно писмо.<br><br>-Пеење на мелодиски вежби во скалата Ф-дур со анализа на нејзините елементи кои се сретнуваат во вежбите.<br><br>-Вежби за запишување, визуелно/тактилно Препознавање на скалата д-молл (трите видови) и нејзините елементи на Брајово писмо или видно писмо.<br><br>-Пеење на мелодиски вежби во скалата **д-молл** трите видови (природен, хармонски и мелодиски) со анализа на нејзините елементи кои се сретнуваат во вежбите.<br><br>**-Вежби за препознавање на синкопа на Брајово писмо:**<br>- читање на ритмички вежби со синкопа на Брајово писмо;<br>- пеење на мелодиски вежби со синкопа;<br>-утврдување на сите изучени поими преку ребуси, крстозборки или усно испрашување и др.<br>- Музички примери во нерамноделен 7/8 такт:<br>- откривање на 7/8 такт на Брајово писмо преку ритмички и мелодиски вежби;<br>- воочување на 7/8 такт преку слушање, пеење или |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | играње на примери од музичкиот фолклор. |

| **3. МУЗИЧКО-СЦЕНСКИ ДЕЛА (14 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да препознава и разликува разни музичко-сценски дела;<br><br>- да стекнува навика за слушање музичко-сценски дела;<br><br>- да се запознае со животот и творештвото на домашни и странски композитори;<br><br>- да ги разбере карактеристиките на жанрот опера, оперета, балет и мјузикл;<br><br>- да објаснува за музичките карактеристики на операта, оперетата, балетот и мјузиклот;<br><br>- да ги препознава по слух фрагментите од дадените музичко-сценски дела;<br><br>- да се запознае со животот и творештвото на домашни и странски композитори (преку музички дела посочени за слушање); | - Музичко-сценски дела:<br><br>- Опера<br><br>- Оперета<br><br>- Балет<br><br>- Мјузикл | - Опера<br><br>- Оперета<br><br>- Балет<br><br>- Мјузикл | Запознавање на музичко-сценски дела преку аудио демонстрација на соодветни примери од домашни и странски автори.<br><br>Запознавање со биографија и творештвото на композитори преку текст изготвен на Брајово писмо и др.<br><u>Опера:</u><br>Запознавање со жанрот опера (специфики на операта).<br>Опери од домашни и странски автори:<br>Пр.Џ.Верди:,,Травијата” или друга опера по избор на наставникот.<br><u>Оперета:</u><br>Запознавање со жанрот оперета (специфики на оперета).<br>Странски автори:<br>Жак Офенбах: ,,Орфеј во подземниот свет”<br>Јохан Штраус(помладиот):,,Лилјакот” или друга оперета по избор на наставникот.<br><u>Балет:</u><br>Запознавање со жанрот балет (специфики на балетот).<br>Балет од домашни и странски автори по избор на наставникот.<br><u>Мјузикл:</u><br>Запознавање со жанрот мјузикл (специфики на мјузикл).<br>Леонард Бернштајн:,,Приказна од западната страна”<br>Вилијам Лојд Вебер:,,Фантом во операта”<br>или друг мјузикл по избор на наставникот. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да дискутира за разликите и сличностите помеѓу музичко-сценските дела;<br><br>-да се изразува со сопствени зборови за впечатпците за гледано/слушано музичко-сценско дело;<br><br>-да ги разбере карактеристиките на различни жанрови на популарната музика;<br><br>-да ги проценува вредностите на популарната музика. | -Различни жанрови на популарната музика (џез, поп, рок и др.) | | Слушање примери од различни жанрови на популарна музика по избор на наставникот и учениците.<br><br>Посета на опера, оперета, балет, мјузикл, како и концерти на популарна музика.<br><br>-Примена на ИКТ во наставата. |

| 4. МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ (10 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Методи и активности** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да ја усвои поделбата на музички инструменти;<br><br>- да ги препозна и воочува разликите помеѓу групите на инструменти;<br><br>- да ги разликува, препознава и именува музичките инструменти по начинот на свирење и визуелно/тактилно;<br><br>- да негува интерес кон инструменталната музика. | Поделба на музичките инструменти на:<br>- жичени, дувачки, удирачки и инструменти со клавијатура.<br><br>**- Жичени инструменти:**<br>-трзачки<br>-гудачки<br><br>**- Дувачки инструменти:**<br>-дрвени<br>-лимени (метални)<br><br>**- Удирачки инструменти:**<br>- со определена висина на тонот<br><br>- неопределена висина на тонот<br><br>Инструменти со клавијатура | - Жичени инструменти<br>-Дувачки инструменти<br>-Удирачки инструменти<br>-Инструменти со Клавијатура<br><br>**- Жичени инструменти:**<br>**трзачки:** харфа, гитара, мандолина<br>**гудачки**: виолина, виола, виолончело и контрабас<br><br>**- Дувачки инструменти:**<br>**дрвени:** флејта, пиколо, кларинет, саксофон, обоа, фагот<br>**лимени(метални):** хорна, труба, тромбон, туба<br><br>**Удирачки инструменти:**<br>-***со определена висина на тонот:*** | - Визуелно / тактилно и слушно препознавање на секоја група на музички инструменти преку презентација на тактилни слики, аудио-визуелни примери и сл.<br><br>**Напомена:** посочените музички дела можат да се слушаат како фрагменти, во функција на слушно препознавање на инструментот.<br>Наставникот може да прави сопствен избор на дела и нивните фрагменти.<br><br>**Примери за слушање:**<br>**- Жичени инструменти:**<br>Чајковски:,,Валс на цвеќињата"(вовед харфа).<br>Јоакин Родриго - ,,Концерт за гитара и оркестар" втор став, дела за мандолински оркестар.<br><br>**-Гудачки инструменти:**<br>Римски-Корсаков: ,,Шехерезада" (вовед гудачи заедно и виолина соло), Сен-Санс: ,,Лебед" (виолончело), Сен-Санс: ,,Слон" (контрабас) и др. по избор на наставникот.<br><br>**- Дувачки инструменти:**<br>**дрвени:**<br>Прокофјев: ,,Петре и волкот" (флејта, обоа, кларинет, фагот);<br><br>**лимени(метални):**<br>примери од изведбите на Луис Армстронг (труба)<br>Монте: Чардаш (Кирил Рибарски - тромбон)<br>Мусоргски-Равел: ,,Слики од изложба" - ,,Бидло" (туба); |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | тимпани, ксилофон, вибрафон;<br><br><br>***-неопределена висина на тонот:***<br>триангл, голем тапан,<br>мал тапан, чинели, маракас, дајре, кастањети, гонг.<br><br>- Инструменти со клавијатура:<br>чембало, оргули, хармоника, пијано, пијанино. | Прокофјев: ,,Петре и волкот" (хорни).<br><br><br>**Удирачки инструменти:**<br>Глинка: ,,Марш на Черномор" (различни ударни)<br>М.Равел: ,,Болеро"<br><br>Примери од популарна, џез и рок-музиката<br><br>**- Инструменти со клавијатура**<br>Бах: Токата и фуга д-молл (оргуљи),<br>Шопен: Валс цис-молл,<br>Ф. Лист: Втора унгарска рапсодија (пијано)<br>Бах: Хроматска фантазија и фуга,<br>Голдберг-варијации (чембало),<br>композиции и аранжмани за хармоника<br>Слушање музика: Бенџамин Бритн -,,Младиот човек воден низ оркестарот";<br><br>- Посета на музичко-образовните установи како: основни и средни музички училишта, факултет за музичка уметност;<br><br>- Посета на проба на Македонската филхармонија (Опера) и демонстрација на инструментите во Оркестарот.<br><br>- Посета на симфониски концерт. |

| 5. МУЗИЧКИ ФОРМИ (2 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да го усвои поимот мала дводелна песна преку споредба со литературниот текст;<br><br>- да ја препознава дводелноста (строфа-рефрен);<br><br>- да ги разликува деловите во дводелна песна;<br><br>- да го усвои поимот мала триделна песна;<br><br>- да ја препознава триделноста преку слушање;<br><br>- да ги разликува деловите во триделна песна. | **МАЛА ДВОДЕЛНА ПЕСНА**<br><br>**МАЛА ТРИДЕЛНА ПЕСНА** | - Мала дводелна песна<br><br>- Мала триделна песна | Усвојување и анализа на литературниот текст напишан на Брајово писмо на пр.,,Приспивна песна" од Ј. Брамс преку изразно читање на литературниот текст;<br><br>- демонстрација на песната и доживување на нејзините делови (дводелноста) строфа-рефрен;<br><br>- воочување на периодите (деловите **аб**) преку анализа на нотен текст напишан на Брајово писмо и слушање на песната;<br><br>- откривање на дводелна форма и нејзино означување аб;<br><br>- демонстрација на комозицијата ,,Дивиот јавач" доживување на деловите **аба**;<br><br>- воочување на структурата на секој од деловите - период-преку слушање на секој од деловите одделно и на целата композиција;<br><br>-откривање на триделна форма преку слушање и нејзино означување со **аба.** |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставниот предмет е задолжителен и се изучува со фонд од 1 час неделно, односно 36 часа годишно.

Наставните содржини по предметот *музичко образование за* IX *одделение* на деветгодишното основно образование даваат можност да се реализираат интегрирано со содржините од други наставните програми. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности. Предвидениот број на часови ги опфаќа и вонучилишните активности (посета на посочените музички образовни институции, концерти на Македонската филхармонија и др.), како и задолжителните дискусии, размени на мислења и впечатоци по остварените посети на институциите и настаните. При реализирање на содржините наставникот треба да го поттикнува индивидуалното музичко изразување на секој ученик/ученичка, да стимулира дискусии и размени на мислење, искажувања на сопствени ставови и почитување на ставовите на другите. Долгогодишната пракса покажува дека учениците со оштетен вид пројавуваат посебен интерес кон предметот музичко образование и генерално кон пеењето и свирењето, затоа наставникот треба оваа љубов кон музиката уште повеќе да ја поттикнува и развива.

Наставникот по музичко образование потребно е текстовите од песните што се обработуваат да ги изготвува на Брајово писмо или со зголемен фонд за учениците кои се слабовидни.

За учениците од деветто одделение потребно е уште подлабоко да навлезат во користењето на музичките инструменти, на почетокот со поедноставни, а потоа и со посложените. Тотално слепиот ученик преку Брајовото писмо да ги усвојува нотите. Важно е усвојувањето на истите да биде на првилен и точен начин.

Наставникот во соработка со родителите да ги носи учениците на различни музички случувања, да ги поттикнува учениците да учествуваат на претстави во училиштето и надвор од него, на случување кои имаат натпреварувачки дух со што ќе се јакне и поттикнува нивната самодоверба.

За оние ученици кои покрај оштетувањето на видот имаат и одредени други проблеми поради кои се оневозможени целосно да одговорат на задачите и целите поставени во ова програма, потребно е наставникот да ги редуцира содржините, истите соодветно да ги дозира според потребите и можностите на ученикот ин а истиот индивидуално да му пристапи.

**Годишен фонд на часови**

| | ТЕМИ | Број на часови |
|---|---|---|
| 1. | Вокална интерпретација | 4 часа |
| 2. | Музичка писменост | 6 часа |
| 3. | Музичко-сценски дела | 14 часа |
| 4. | Музички инструменти | 10 часа |
| 5. | Музички форми | 2 часа |
| Вкупно: | | 36 часа |

*Забелешка: Бројот на часовите е даден ориентационо.*

*Наставни средства:*

- аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД- плеер, видеоплеер, компјутер);
- дидактички средства и материјали на Брајово писмо;
- визуелни, тактилни и аудио средства (тактилни или релјефни слики, фотографии, апликации и сл.);
- Интернет, образовни софтвери користени во комбинација со говорен звучен програм.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичко изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа (бројчано оценување). При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава на индивидуалниот пристап во постигањата на секое дете.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со Решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

## 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

**Ученикот/ученичката:**

- покажува музички способности;
- покажува естетски чувства;
- применува правилна вокална интерпретација;
- пее песни со разновидна мелодиска линија, различни по карактер и содржина по слух и по ноти;
- свири на ДМИ;
- покажува способност за целосно слушање на музичкото дело;
- покажува знаења за животот и творештвото на одредени композитори;
- применува музичко-теориските поими;
- пее и свири во различни дурски и молски скали;
- применува знаења на основите на музичките форми;
- знае елементи и карактеристики на народното музичко творештво;
- разликува музичките инструменти визуелно и по слух;
- разликува видовите на пејачките гласови и вокални ансамбли;
- разликува карактеристиките на музичките жанрови;
- има сознанија за музичката култура на своето потесно и пошироко опкружување;
- умее да дискутира за слушаната музика и да ги брани сопствените ставови;
- покажува креативност во сопствените музички активности;
- применува ИКТ во сопствените музички активности.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во IX одделение во деветгодишното основно образование може да ја изведува лице кое завршило:

- факултет за музичка уметност – оддел за музичка теорија и педагогија со дополнителна дефектолошка дообразба;
- факултет за музичка уметност – други оддели со стекната педагошко-методска доквалификација во акредитирана установа со дополнителна дефектолошка дообразба;
- дипломиран дефектолог.

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Адаптираната наставна програма по ***музичко образование*** за IX одделение на деветгодишното основно образование за учениците со **оштетен вид** во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта, врз основа на утврдената соодветна Наставна програма за деветгодишно основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

Бр.12-15165/1

22.09.2015 година

Министер

_______________________

Abdilaqim Ademi

Изготвил: работна група, координатор м-р Анкица Витанова
Контролирал: Трајче Ѓорѓиевски, раководител на одделние
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор